20251693692

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Врз основа на член 16 став (8) од Законот за стручно образование и обука („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 3/25 и 74/25), министерот за образование и наука донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ПОДНЕСУВАЊЕТО И СОДРЖИНАТА НА ИНИЦИЈАТИВАТА, КАКО И ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДАВАЊЕ МИСЛЕЊЕ ЗА ИНИЦИЈАТИВАТА ЗА ДУАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на поднесувањето и содржината на иницијативата, како и поблиските критериуми за давање мислење за иницијативата за дуално образование.

Член 2

Иницијативата за реализација на наставен план, наставна програма и испитна програма за одредена квалификација со примена на дуално образование, се поднесува до Центарот за развој на стручното образование (во натамошниот текст: Центарот), најдоцна 90 дена пред рокот за доставување на предлози за Конкурсот за запишување ученици во јавните средни училишта до Министерството за образование и наука, доколку се работи за квалификација за која има утврдено наставен план и наставни програми.

Член 3

Иницијативата од член 2 од овој правилник, треба да содржи:

- идентификациони податоци: назив на правниот субјект (работодавач); матичен број на субјектот (МБС) и единствен даночен број (ЕДБ); адреса и седиште; контакт - податоци на лицето за контакт,
- образложение за потребата од нова или изменета квалификација: опис на постојната/новата квалификација; причини за потребата од нова/прилагодена квалификација; анализа на пазарот на трудот; опис на компетенции; финансиски импликации за установата; број и датум на склучен меморандум за соработка; број на решение за верификација на работодавач; иновативност на квалификацијата,
- потпис на овластено лице, датум и печат.

Член 4

Поблиските критериуми за давање мислење за иницијативата за дуално образование, се:

- добиено решение за верификација на работодавач за реализација на практично образование на ученици, кое се доставува во прилог на иницијативата од член 2 од овој правилник, и
- иновативност на квалификацијата согласно новите техничко – технолошки достигнувања на локално, државно и меѓународно ниво.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 18-11060/1
8 август 2025 година
Скопје

Министер за образование
и наука,
проф. д-р **Весна Јаневска**, с.р.